# З А П И С Н И К
## Од Четириесет и петтата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 08.06.2026 година, во 14:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Четириесет и петтата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Беким Лачи, Томислав Кежаровски, Миле Грозданоски, Марјан Велевски, Музбајдин Ќамиљи, Владимир Палашевски и Лазо Трпков.***

**Онлајн присутни на седницата:** ***Маја Седрак***

Четириесет и петтата седница на Програмскиот совет започна во 14:10 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Четириесет и петтата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 44-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
2. **Донесување Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на Заменик на директор на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија.**
3. **Разгледување на Информација за резултатите од истражувањето на јавното мислење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, со посебен осврт на наодите што се однесуваат на Македонската радио-телевизија.**
4. **Разгледување и усвојување на Заклучок на Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија во врска со финансирањето и развојот на јавниот радиодифузен сервис.**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 44-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Четириесет и четвртата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Донесување Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на Заменик на директор на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија.**

Претседателот на Програмскиот совет ја отвори втората точка од дневниот ред и истакна дека, со оглед дека претходно спроведената постапка за избор на Заменик на директор на МРТ беше поништена, потребно е Програмскиот совет да пристапи кон распишување на нов Јавен конкурс, со цел обезбедување услови за избор и пополнување на оваа значајна раководна функција во Македонската радио-телевизија.
Во таа насока, беше разгледана Предлог-одлуката за распишување на Јавен конкурс, како и текстот на самиот конкурс, кои се подготвени согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на ЈРП МРТ.
Истовремено, тој потсети дека Програмскиот совет на својата 39-та седница ги утврди принципите, критериумите и начинот на постапување во конкурсните постапки за избор на директор и заменик на директор на МРТ, при што беа разгледани сите релевантни законски и статутарни одредби, како и обезбедените стручни правни мислења, со цел постапката да се спроведе законито, транспарентно, непристрасно и со еднаков третман на сите кандидати.
Предложениот текст на конкурсот во целост ги содржи условите и критериумите утврдени со Законот и Статутот. Согласно предлогот, заменикот на директорот се избира за мандат од три години со можност за повторен последователен избор. Кандидатите треба да имаат високо образование, да достават Програма за работа на МРТ за период од три години, да поседуваат најмалку осум години работно искуство во областа на комуникологијата, новинарството, информатиката, културата, економијата или правото, како и најмалку четири години искуство со раководење организација.
Конкурсот ќе биде објавен на програмите на МРТ, на интернет-страницата на МРТ и во најмалку два дневни весника во Република Северна Македонија, согласно законските и статутарните одредби, а рокот за поднесување на пријавите ќе изнесува 15 работни дена.
Со оглед дека Одлуката за поништување на претходниот конкурс беше донесена на 08.05.2026 година, со денешната одлука Програмскиот совет постапува во рамките на законскиот рок за распишување на нов конкурс и обезбедување непречено продолжување на постапката за избор на заменик на директор на МРТ.
Со донесувањето на оваа Одлука, Програмскиот совет обезбедува континуитет во функционирањето на јавниот сервис и создава услови за спроведување на постапка за избор на заменик на директор во согласност со законските надлежности на Советот.

Претседателот Давор Пашоски ја стави на гласање Предлог-одлуката за распишување на Јавен конкурс за избор на Заменик на директор на ЈРП Македонска радио-телевизија, заедно со текстот на Јавниот конкурс кој претставува составен дел на Одлуката:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

По спроведеното гласање, Претседателот констатираше дека Програмскиот совет ја донесе Одлуката за распишување на Јавен конкурс за избор на Заменик на директор на ЈРП Македонска радио-телевизија и го усвои текстот на Јавниот конкурс.
Согласно донесената Одлука, Јавниот конкурс ќе биде објавен на програмите на МРТ, на интернет-страницата на МРТ и во најмалку два дневни весника, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на ЈРП МРТ.

**Точка 3. Разгледување на Информација за резултатите од истражувањето на јавното мислење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, со посебен осврт на наодите што се однесуваат на Македонската радио-телевизија.**

Претседателот на Советот премина на третата точка од Дневниот ред и рече дека се работи за Информација за резултатите од истражувањето на јавното мислење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, со посебен осврт на наодите што се однесуваат на Македонската радио-телевизија.
За потребите на Програмскиот совет е подготвен краток осврт од страна на новинарката Симона Бачваровска, во кој се сумирани клучните наоди од анализата, идентификуваните предизвици и можните насоки за понатамошен развој на јавниот сервис.
Од анализата може да се констатира дека МРТ и понатаму ужива значително ниво на доверба кај јавноста и успешно ја исполнува својата јавна мисија во повеќе програмски сегменти. Особено се издвојуваат детската и образовната програма со 84% гледаност, документарната програма со 78% гледаност и спортската програма со 72% гледаност кај испитаниците. Анализата дополнително покажува дека МРТ и понатаму е препознаена како значајна институција во зачувувањето на македонскиот јазик, културниот идентитет и националното наследство, како и како медиум кој обезбедува содржини од јавен интерес што во значителна мера недостигаат кај комерцијалните радиодифузери.
Во исто време, анализата посочува и на повеќе предизвици со кои се соочува јавниот сервис. Посебно е нагласен ограничениот досег до младата публика, како и потребата од посилно присуство на дигиталните платформи и социјалните мрежи. Исто така, информативната програма бележи 55% доверба, што претставува најнизок резултат во споредба со останатите програмски сегменти. Дополнително, анализата покажува дека 96,6% од граѓаните користат паметни телефони, а 78,2% користат Smart TV уреди, што јасно укажува на променетите навики за следење медиумски содржини и потребата од побрза дигитална трансформација.
Претседателот истакна дека овие предизвици заслужуваат сериозно внимание и дополнителна анализа во претстојниот период. Притоа беше нагласена важноста на прашањата поврзани со привлекувањето на младата публика, јакнењето на информативната

функција на МРТ, развојот на домашната продукција и зајакнувањето на дигиталното присуство на јавниот сервис.
Воедно, може да се констатира дека најголем дел од препораките и можните насоки за развој наведени во анализата се поклопуваат со приоритетите кои Програмскиот совет веќе ги има идентификувано во својата работа, како и со приоритетите содржани во програмата на новиот директор на МРТ.
Дополнително, значителен дел од предизвиците и слабостите идентификувани во анализата на АВМУ се совпаѓаат и со приоритетите и развојните насоки содржани во програмата на новоизбраниот директор на МРТ. Истите беа предмет на дискусија и за време на седницата на Програмскиот совет посветена на разгледување на неговата програма за работа, како и на јавната седница со претставниците на медиумскиот сектор, еснафските организации, релевантни институции и граѓанскиот сектор. Во таа смисла, прашањата поврзани со дигиталната трансформација, развојот на нови програмски содржини, подобрувањето на информативната функција, привлекувањето на младата публика, дигитализацијата на архивата, модернизацијата на технолошките капацитети и зајакнувањето на домашната продукција веќе се препознаени како клучни развојни приоритети за идниот развој на МРТ.
Во таа насока, особено се издвојуваат потребата од развој на современи содржини за младата публика, зајакнување на присуството на дигиталните платформи и социјалните мрежи, подобро искористување на архивските ресурси, развој на нови домашни програмски формати, дигитализација на процесите и унапредување на технолошките капацитети на јавниот сервис.
Воедно, овие наоди се целосно компатибилни и со насоките кои Програмскиот совет ќе ги разгледува во рамки на подготовката на новата петгодишна стратегија за развој на МРТ, особено во делот на дигиталната трансформација, развојот на ОТТ и онлајн платформите, работата со младата публика, зајакнувањето на домашната продукција и модернизацијата на јавниот сервис. Истовремено, овие приоритети треба да бидат соодветно рефлектирани и дополнително разработени и во Годишната програма за работа на МРТ за 2027 година, со цел обезбедување јасна поврзаност помеѓу стратешките цели, програмските содржини и развојните активности на јавниот сервис.
Беше истакнато дека анализата претставува корисен индикатор за перцепцијата на јавноста кон Македонската радио-телевизија и може да послужи како дополнителна основа при креирањето на идните програмски, технолошки и развојни политики на јавниот сервис.
Претседателот отвори расправа по Информацијата.

Прв за збор се јави Патриот Лумани, кој оцени дека резултатите укажуваат на потреба од натамошно зголемување на довербата на јавноста во информативната програма и вестите на МРТ.

Потоа збор зема Билјана Бабиќ, која посочи дека значителен дел од јавноста информациите ги следи преку интернет-порталите, поради што е потребно дополнително јакнење на атрактивноста и релевантноста на програмските содржини на МРТ. Таа истакна дека на програмите на јавниот сервис треба да има повеќе дебатни емисии и оцени дека постои простор за понатамошно унапредување на квалитетот на програмската понуда на МРТ.

Следен за збор се јави Беким Лачи, кој истакна дека довербата на јавноста и гледаноста на програмите се меѓусебно поврзани и дека зголемувањето на довербата во јавниот сервис придонесува и за зголемување на неговата гледаност.

Понатаму, Ивана Ефремовски посочи дека позитивен показател претставува фактот што детскиот канал МТВ5 е меѓу најгледаните канали кај детската публика, со повисок процент на гледаност во однос на повеќе странски детски телевизиски канали.

Претседателот Давор Пашоски посочи дека резултатите покажуваат особено високо ниво на доверба и гледаност кај детската, документарната и образовната програма на МРТ. Притоа беше истакнато дека станува збор за програмски содржини кои во значително помал обем се застапени кај другите телевизиски канали, што дополнително ја потврдува важноста на улогата на јавниот сервис во обезбедувањето програма од јавен интерес

Следен дискутираше Миле Грозданоски, кој истакна дека детскиот канал во значителна мера се потпира на репризно емитување на квалитетни содржини од минатото, но оцени дека долгорочната цел треба да биде создавање и продукција на нови домашни детски програми кои ќе одговорат на интересите и потребите на новите генерации.

Потоа збор зема Лазо Трпков, кој оцени дека резултатите се солидни, но дека стратешка определба на јавниот сервис треба да биде натамошно јакнење на позицијата на МРТ, со цел таа да биде меѓу водечките медиуми и по доверба и по гледаност.

Претседателот продолжи со тоа што рече дека доколку нема дополнителни забелешки или предлози, Програмскиот совет треба да ја прими на знаење Информацијата за резултатите од истражувањето на јавното мислење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, со посебен осврт на наодите што се однесуваат на Македонската радио-телевизија.

**Точка 4. Разгледување и усвојување на Заклучок на Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија во врска со финансирањето и развојот на јавниот радиодифузен сервис.**

Претседателот ја отвори четвртата точка од Дневниот ред и истакна дека се работи за Предлог-заклучок на Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија во врска со

финансирањето и развојот на јавниот радиодифузен сервис, подготвен по повод предложените измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се однесуваат на член 105 став 1 и начинот на утврдување на средствата за финансирање на Македонската радио-телевизија, ЈП „Македонска радиодифузија“ и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Како што е наведено и во самиот текст на Заклучокот се укажува на потребата особено внимателно да се следат ефектите што евентуалните измени би можеле да ги имаат врз финансиската стабилност, развојните процеси и реформските капацитети на јавниот радиодифузен сервис.

Во таа насока, Програмскиот совет ја истакнува важноста од зачувување на предвидливоста на финансирањето и очекува да продолжи практиката на обезбедување дополнителна поддршка за програмскиот и технолошкиот развој на јавниот сервис, согласно член 105 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Особено е важно да се обезбедат услови за технолошка модернизација, дигитализација на архивата, развој на нови дигитални платформи, зајакнување на продукциските и техничките капацитети, кадровско подмладување, нови вработувања, зајакнување на дописничката мрежа, подобрување на условите за работа и континуирано унапредување на програмските содржини и исполнувањето на јавната мисија на Македонската радио-телевизија.

Воедно, во Предлог-заклучокот се потсетува и на наодите од последните извештаи на Европската комисија, во кои се укажува на потребата од понатамошно зајакнување на независноста и автономијата на јавниот радиодифузен сервис. Посебно се нагласува дека и покрај подобрувањата во финансирањето, јавниот сервис и понатаму се соочува со предизвици поврзани со институционалната автономија.

Заклучокот потсетува и дека измените на Законот од 2023 година беа позитивно оценети од Европската комисија токму поради воспоставувањето на попредвидлив модел на финансирање, поради што секое евентуално отстапување од воспоставениот систем треба внимателно да се анализира и да биде проследено со соодветни механизми кои ќе обезбедат финансиска стабилност и развојна предвидливост на јавниот сервис.

Програмскиот совет оценува дека стабилното, независно и предвидливо финансирање не претставува само административно или буџетско прашање, туку суштински предуслов за постоење на функционален, професионален и модерен јавен сервис кој ќе може доследно да ја исполнува својата јавна мисија.

Воедно, во Предлог-заклучокот се нагласува улогата на јавниот сервис во заштитата на јавниот интерес, медиумскиот плурализам, културниот и јазичниот идентитет, како и во обезбедувањето кредибилни, професионални и проверени информации во време на дезинформации, политичка поларизација и засилени безбедносни и геополитички предизвици.

Дополнително, Програмскиот совет ја истакнува потребата од отворање поширока стручна и институционална дебата за изнаоѓање долгорочен и одржлив модел на финансирање на

јавниот радиодифузен сервис, преку анализа на позитивните европски практики и различните модели кои обезбедуваат финансиска стабилност, независност и развојна предвидливост.
Во таа насока, во Предлог-заклучокот се нагласува и потребата од подготовка на нов, посебен Закон за Македонската радио-телевизија, кој ќе обезбеди современа, европски усогласена и институционално стабилна рамка за функционирање на јавниот сервис, со јасни гаранции за неговата уредувачка, институционална и финансиска независност.

Претседателот Давор Пашоски го стави на гласање Предлог-заклучокот на Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија во врска со финансирањето и развојот на јавниот радиодифузен сервис:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Пред крајот на седницата, Претседателот Давор Пашоски ги информираше членовите на Програмскиот совет за неколку активности од значење за работата и развојот на јавниот сервис.
Во таа насока, тој информираше дека присуствувал на работна средба организирана од Министерството за дигитална трансформација и Македонскиот институт за медиуми (МИМ), во рамките на процесот за подготовка на Стратегијата за развој на медиумскиот сектор 2027–2031 со придружен Акциски план. На средбата присуствувале претставници на релевантни институции, медиумски организации и други засегнати страни, при што биле разгледани актуелните предизвици со кои се соочува јавниот радиодифузен сервис, можните решенија во контекст на новата европска медиумска регулатива, со посебен осврт на Европскиот акт за слобода на медиумите (EMFA), како и перспективите за развој на јавниот сервис во наредниот петгодишен период.
Дополнително, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ ги информираше членовите на Програмскиот совет дека на покана на Хрватската радио-телевизија, заедно со директорот на МРТ присуствувавале на одбележувањето на значајниот јубилеј – 100 години Хрватско радио и 70 години Хрватска телевизија.
Покрај присуството на свечените активности организирани по повод овој јубилеј, тие оствариле и повеќе работни средби со раководството на Хрватската радио-телевизија, со колегите од Радио Телевизија Косово, како и со претставници на Европската радиодифузна унија (ЕБУ).
На средбите беа разменети искуства и информации поврзани со функционирањето на јавните радиодифузни сервиси, процесите на дигитална трансформација, продукцискиот развој, кадровските и технолошките предизвици, како и прашања од заеднички интерес во рамки на Европската радиодифузна унија и регионалната соработка меѓу јавните сервиси.

Тој смета дека ваквите контакти и соработки се особено значајни за Македонската радио-телевизија, имајќи ги предвид предизвиците и реформските процеси кои претстојат во наредниот период.

По исцрпувањето на дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ констатираше дека 45-та седница на Програмскиот совет на МРТ е завршена. Претседателот се заблагодари за присуството, со што ја затвори четириесет и петтата седница на Програмскиот совет на МРТ во 14:55 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-3261/5
08.06.2026г.

_________________________
Давор Пашоски